Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневните настани 25.06.2024

На 24.06.2024 околу 20.30 часот во СВР Струмица од страна на Центарот за управување со кризи било пријавено дека малолетничка од Струмица движејќи се на патека кон манастирот „Свети Илија", во близина на Струмица, паднала во дупка и се здобила со повреди. По примената пријава, од страна на полициски службеник е стапено во телефонски контакт со малолетничката, по што била утврдена и локацијата на која се наоѓа. Од страна на полициски службеници од Полициската станица од општа надлежност и Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Струмица веднаш било излезено на лице место и по кратко време девојчето било пронајдено, а во координација со пожарникари од ТППЕ Струмица била извлечена од местото и предадена на екипа на Медицински центар Струмица.

На 24.06.2024 во 17.50 часот во Градско, во близина на локалитетот Стоби, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Н.А.(32) и Е.С.(40), двајцата од Прилеп, кои одземле предмети од викендица во близина на локалитетот Стоби, сопственост на С.С.(61) од Скопје. Предметите биле пронајдени и вратени на сопственикот, а при извршенот преглед кај Е.С. биле пронајдени и одземени и фалсификувани банкноти. Н.А. и Е.С. се задржани во полициска станица, известен е јавен обвинителт и по документирање на настанот против ним ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.06.2024 во 14.30 часот во село Бистренци, демиркаписко, полициски службеници од ОВР Неготино ги лишиле од слобода И.Л.(42), Р.А.(42), двајцата од Кавадарци и А.Ј.(33) од село Вошјани, неготинско, кои извршиле кривично дело кражба од куќа во село Вошјани, неготинско, сопственост на Б.Н.(66) од Неготино. Одземеното е пронајдено и ќе биде вратено на сопственикот. И.Л., Р.А. и А.Ј. биле задржани во полициска станица, известен е јавен обвинителт и по документирање на настанот против ним ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.06.2024 во 22.05 часот во Полициската станица Валандово било пријавено дека на улица „Промаџиска" во Валандово патничко возило „опел корса" со охридски регистарски ознаки, управувано од Д.К.(30) од Струмица, изиграло од коловозот. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил сопатникот Ѓ.А.(29) од Штип, а со телесни повреди се здобил малолетен сопатник. Повредите биле констатирани во болницата во Валандово. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Валандово.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се 80 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола десет санкции, шест мерки за користење на мобилен телефон при управување, четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, четири мерки за прекршоци што се чинат возачи на моторцикли...

На 24.06.2024 во 11.30 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на крстосницата од ул. „Славка Динкова" и ул.„Иван Хаџиниколов" во Скопје патничко возило „опел" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Б.(41), удрило во велосипед управуван од З.С.(61), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедист, констатирани во Градската општа болница „Св. Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 24.06.2024 во 00.50 часот на улица „Силвески конгрес" во Битола од страна на полициски службеници од полициската станица за безбедност во сообраќајот лишен е од слобода З.Б. (31) од Битола затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на настанот против лицето ќе следи соодветен поднесок.

На 24.06.2024 во 11.25 часот во Полициската станица Демир Хисар, било пријавено дека на место викано „Чагор" се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „скانիа" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Р.М.(71) од Прилеп, и патничко возило „тојота" со битолски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(22) од Демир Хисар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила М.Т., констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Демир Хисар.

На 24.06.2024 во 13:45 часот во СВР Битола од страна на пиротехничар од Дирекција за заштита и спасување е пријавено дека во старата касарна зад јужната трибина на Градскиот стадион „Петар Милошевски" во Битола се пронајдени 10 артилериски гранати 75 мм од Првата светска војна, кои се безбедно подигнати и обезбедени.

На 24.06.2024 во 17.50 часот во СВР Велес, било пријавено дека на ул.„Партизанска" во С.Иванковци, велешко, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со велешки регистарски ознаки, управувано од малолетник и мотоцикл управуван од Ѓ.Д.(33), двајцата од С.Иванковци, велешко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Општата болница Велес. Извршен вид увид од увидна екипа на СВР Велес.

На 24.06.2024 во 14.00 часот во Полициската станица Аеродром, Т.Т.(21) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.06.2024 во 15.40 часот во Полициската станица Драчево, Б.С.(35) од Скопје пријавила дека во Скопје нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 24.06.2024 во 20.00 часот во Полициската станица Центар, М.М.(43) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Центар била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против С.Т.(47) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 16.05.2024 во странска амбасада било пријавено дека пријавениот уплатувал наведливи и заканувачки содржини.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против З.Т.(59) од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 04.05.2024 пријавениот, искористувајќи го моментот кога оштетениот од банкомат на банка во Пробиштип не успеал да подигне парични средства и не се одјавил од системот, неовластено од неговата сметка подигнал парични средства во износ од 20.000 денари.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против В.К.(53) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „оштетување или уништување на добра под привременa заштита или културни наследство или природни реткости" и „присвојување на добра под привременa заштита или културно наследство или природни реткости" и М.И.(59) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување или уништување на добра под привременa заштита или културно наследство или природни реткости". На 15.03.2024 пријавените на место викано „Кростот", етар на с.Очипала, делчевско, без да поседуваат дозвола за археолошки истражувања, започнале со прочукување и пронаоѓање на знаци, со цел идентификување на место каде можат да бидат пронајдени вредни предмети и потоа да продолжат со ископување. Пријавените, биле запрени од полициски службеници, а при прегледа во возилото била пронајдена и одземена опрема и алат наменети за археолошки истражувања и ископ, кај второпријавениот биле пронајдени осум сребрени монети, а кај првопријавениот уште четири стари монети и два стари прстени. Со извештај од Управа за заштита на културното наследство, беше констатирано дека четирите монети и двата прстени одземени од првопријавениот, претставуваат добро под привременa заштита.

На 24.06.2024 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во наплатен пункт на Јавно претпријатие Градски паркинг во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза", едно лице со закана со остар предмет од двајца вработени одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2024 во 10.05 часот во СВР Скопје, Ш.А.(53) од с.Патишка река, скопско пријавил дека на паркинг на подрачјето на Бит Пазар настанал пожар во неговото патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

СВР Штип поднесе кривична пријава против В.К. (31) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 10.04.2023, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одземле таблети бупренорфин, кои се обидел да ги внесе во Казнено поправната установа Затвор Штип.

На 24.06.2024 во 13.00 часот во ОВР Валандово М.Т. (61) од Валандово пријавил дека околу 12.00 часот на плоштадот во Валандово бил физички нападнат од С.Т. (63) од село Миравци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2024 во 18.00 часот во Полициско одделение Нов Дојран Г.З.(49) од село Сноквица, гевгелиско, пријавил дека околу 15.30 часот во Стар Дојран бил физички нападнат од А.С. од Стар Дојран. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2024 во 23.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на подрачјето на Ѓорче Петров во Скопје настанал пожар во патничко возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Т.Ѓ.(57) од Скопје, кој го паркирал на местото пред околу три месеци. Повредени лица нема. До брзината за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.04.2024 во 16:00 часот во ОВР Ресен од страна на општински комунален инспектор од општина Ресен е пријавено дека додека presemal службени дејствија бил физички нападнат од страна на Д.С. од село Баница, струмичко. Од страна на полициски службеници Д.С. е лишен од слобода и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.06.2024 во 17.30 часот во СВР Охрид лишен од слобода е Д.Т.(34) од селото Горенци, општина Дебрца. При претрес во неговиот дом, извршен по судска наредба, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со оружје, пронашле и одземле ловна пушка „ловена застава" и три куршуми кои, нелегално ги поседувал. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.06.2024 во 23.40 часот, А.И.(45) од Кичево, во полициска станица пријави дека на улицата „Борис Кидрич" во Кичево бил каснат од куче скитник. На 25.06.2024 година во 09.40 часот во ОВР Кичево, Г.С.(56) од Македонски Брод, пријави дека на булеварот „Ослободување" во Кичево, бил каснат од куче скитник.

Денеска (25.06.2024) во 03.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода во Скопје настанал пожар во патничко возило „ока" со скопски регистарски ознаки, сопственост на П.В.(77) од Скопје. Од пожарот биле зафатени и две други патнички возила, „шевролет" сопственост на М.С.(40) и „лежо" сопственост на М.О.(49), двете од Скопје. Повредени лица нема. Од бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против М.З.(21) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При прегледа извршен на кај „Борис Кидрич" во Струга, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга, пронашле и одземле марихуана.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Љ Б.(59) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување службена исправа". Тој, во својство на службено лице- вработен во ЈП „Национални шуми"- ПСШ „Попушник", извршил фалсификување на испратница како службена исправа со внесување на невистинити податоци, со што, согласно правилникот за висина на цената за штети во шума, на јавното претпријатие му предизвикал материјална штета од 217.700 денари.

Денеска (25.06.2024) во 01.35 часот во СВР Скопје U.A.(49) од с.Арачиново-скопско пријавил дека на ул.„1" пред неговиот двор било опожарено товарно возило „фолксваген транспортер" со скопски регистарски ознаки. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.06.2024) во 01.00 часот во СВР Скопје, Б.Ѓ.(21) од Скопје пријавил дека на 24.06.2024 околу 04.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров бил физички нападнат од Л.Ј. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.06.2024) во 03.00 часот во СВР Скопје, 38-годишна жена од Скопје пријавила дека на 24.06.2024 околу 22.20 часот на паркинг простор на подрачјето на општина Аеродром била физички нападната од нејзиниот вонбрачен партнер С.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, М.С.(57) од Скопје пријавил дека на 23.06.2024 околу 16.00 часот на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од неговиот сосед Б.Н. кој му упатувал и закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје, К.П.Ѓ.(56) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот во автобус на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од малолетник, кој претходно се обидел физички да го нападне малолетниот син на пријавителот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, М.М.(64) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Карпош, едно лице со употреба на физичка сила и го одзело златното ланче што го носела на себе. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2024 во 20.40 часот во СВР Скопје, В.М.(55) од Скопје пријавила дека околу 20.00 часот на автобуска постојка на подрачјето на Карпош едно лице со употреба на физичка сила ѝ го одзело златниот ланец што го носела на себе. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против четворица малолетници, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 25.03.2024, на Ѓорче „Крсте Мисирков" во Скопје, пријавените се закана побарале пари од малолетник, а откако не успеале во намерата, физички го нападнале и со остар предмет му нанеле повреда.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.Г.(53), И.Г. (37), Б.С. (43), С.Б. (36) и А.С.(49) сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 18.06.2024 пред Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје, пријавените со тврди предмети го нападнале Д.Ј.

Денеска (25.06.2024) во 03.50 часот полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Н.(30) од с.Цветово-скопско поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вонбрачен живот со малолетно лице". По насоки од Јавно обвинителот, од полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Аеродром и Драчево била известена Јавната установа-Меѓуопштинско центар за социјална работа Скопје и заедно со претставници од установата од с.Цветово, била донесена малолетничката во Полициската станица Драчево. Извршен бил разговор со нея во присуство на претставници од ЈУМЏСР. По целосно документирање на случајот против А.Н. ќе следува кривична пријава.

На 24.06.2024 во времето од 11.00 до 13.00 часот од страна на полициски службеници од СВР Скопје беше постарено по претходно изготвен план за сузбивање на питачење на подрачјето на Центар и Бит Пазар, при што на бул.„Крсте Мисирков" во Скопје бил затекнат малолетник од Скопје, кој барал пари од учесници во сообраќајот. Детето е предадено на Јавната установа Меѓуопштинско центар за социјална работа Скопје. Од страна на полициски службеници ќе биде повикана мајката на малолетникот и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена кривична пријава поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање на дете" по чл.201 од КЗ на РСМ.

Денеска (25.04.2024) во 00.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Д.К.(31) од Скопје пријавил дека на ул.„Пука Герои" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.06.2024 во 13.30 часот В.С.(36) од Тетово пријавила дека на бул.„Кузман Јосифовски-Питу" во Скопје била касната од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouta: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет